**20232614534**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22 и 207/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/23), во делот I ставот 3 се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 87.216.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита и ќе се користат за следните намени:

- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Крива Паланка,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Велес,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Кисела Вода,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Берово,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за група на деца во други просторни услови во детска градинка во с. Дреново, Општина Кавадарци,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за група на деца во други просторни услови во детска градинка во Општина Јегуновце.“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2022 година: изведување на градежни работи за изградба на детски градинки во општините Могила и Делчево, доградба на детски градинки во општините Гевгелија, Карбинци с. Таринци, изведување на градежни работи за измени во тек на градба за доградба на детска градинка во Општина Дебар, градежни работи за адаптација на простор во детска градинка во Општина Битола и опремување на детски градинки во општините: Чаир, Могила, с.Ерџелија Св.Николе, Росоман, Прилеп и Велес.“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.41-11814/5
6 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.